| | |
|---|---|
| 691 | 1.7.2024 |

# Стратегија за обезбедување квалитет

на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
(2024-2029)

Скопје, 2024 година

# Содржина

Вовед ..... 3

1. Воспоставување, развој и ефикасно функционирање на системот за квалитет ..... 4
2. Унапредување на човечките ресурси за квалитет на Универзитетот ..... 5
3. Промоција на соработка и иновации за квалитет ..... 6
4. Зајакнување на општествената посветеност, достапност и видливост на квалитетот на Универзитетот ..... 7

# Вовед

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (УКИМ) е најстар и најголем јавен универзитет во Република Северна Македонија, основан во 1949 година. Денес тој претставува заедница на 23 факултети, 5 научни институти, 4 јавни научни установи – придружни членки, 1 придружна членка – друга високообразовна установа и 7 придружни членки – други организации. Секоја учебна година во наставно-образовниот процес на сите факултети и единици се вклучени повеќе од 30 000 студенти, а во реализацијата на наставно-образовниот и научниот процес учествуваат над 3100 наставници, соработници и други вработени.

За време на своето постоење УКИМ секогаш бил посветен на постигнување на највисоките нивоа на образовната, научноистражувачка, уметничка и применувачка, односно апликативна дејност. Токму затоа, а имајќи ги предвид Законот за високото образование, Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Правилникот за обезбедување на квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје како и стандардите и постапките на Водичот (насоките) кои се применуваат од Европското здружение за обезбедување на квалитет во високото образование и другите општи акти на Универзитетот, Сенатот на УКИМ на 11. седницата одржана на 24.6.2024 ја донесе Стратегијата за обезбедување квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (2024-2029).

Стратегијата опфаќа главна цел, специфични цели, конкретни мерки и индикатори.

**Главната цел** на овој документ е да послужи како општа рамка на активности и мерки во функција на развивање и унапредување на квалитетот во работата на сите дејности на Универзитетот и единиците, во согласност со потребите на пазарот на трудот и други засегнати чинители во високото образование, промовирање и поддржување на квалитетот во високото образование како и поттикнување на интересот на општеството за ова прашање.

Имајќи ја предвид водечката улога на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во македонскиот систем на високо образование, бројот на студенти и вработениот наставен кадар, бројот и различноста на студиските програми на првиот, вториот и третиот циклус на студии, како и неговата докажана посветеност за унапредување на научното истражување и академската извонредност, Универзитетот е посветен на постигнување на следните специфични цели во обезбедувањето на квалитет во периодот 2024-2029 година:

- ✓ Воспоставување, развој и ефикасно функционирање на системот за квалитет;
- ✓ Унапредување на човечките ресурси за квалитет на Универзитетот;
- ✓ Промоција на соработка и иновации за квалитет и
- ✓ Зајакнување на општествената посветеност, достапност и видливост на квалитетот на Универзитетот.

# 1. Воспоставување, развој и ефикасно функционирање на системот за квалитет

На почетокот на 2024 година Сенатот на УКИМ го усвои Правилникот за обезбедување на квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Со овој документ беше воспоставен нов систем на обезбедување на квалитет на Универзитетот, кој е целосно усогласен со позитивните правни прописи и релевантните меѓународни искуства во однос на квалитетот на високото образование.

Тежнеејќи кон создавање на високо образование со признат национален и меѓународен квалитет, Универзитетот е насочен кон создавање на средина која овозможува непречено функционирање на новиот систем за квалитет и неговите чинители. Во свет и во високо образование кое постојано се менува, овој пристап ќе му овозможи на Универзитетот да ги препознае силните и слабите страни и да ги направи сите потребни промени во интерес на студентите и општеството во целина.

Универзитетот го поддржува системот за обезбедување квалитет преку определување на соодветните капацитети и потребните ресурси. За воспоставување, развој и ефикасно функционирање на системот за квалитет на УКИМ ќе бидат преземени следниве мерки:

- ✓ Формирање Совети за квалитет на единиците;
- ✓ Постигнување на континуирана работна динамика преку одржување на редовни седници на Советот за квалитет на УКИМ и на единиците;
- ✓ Донесување на годишни акциски планови на ниво на универзитет и на ниво на единица;
- ✓ Редовно следење на исполнувањето на годишните акциски планови;
- ✓ Донесување на акти во надлежност на телата за обезбедување квалитет и
- ✓ Редовно известување на сите тела за обезбедување квалитет.

Остварувањето на овие мерки ќе се следи преку следниве индикатори:

| Бр. | Индикатор | Година 1 | Година 5 |
|---|---|---|---|
| 1. | Формирани Совети за квалитет на единиците | 28 | / |
| 2. | Одржани седници на Советот за квалитет на УКИМ | 5 | 25 |
| 3. | Одржани седници на Совети за квалитет на единиците | 90 | 450 |
| 4. | Подготвен и донесен Годишен план на активности за обезбедување на квалитет и на ниво на Универзитетот | 1 | 5 |
| 5. | Подготвен и усвоен Годишен извештај за реализација на планот на ниво на Универзитетот | 1 | 5 |
| 6. | Подготвен и донесен Годишен акциски план за обезбедување на квалитет на ниво на единица | 28 | 140 |
| 7. | Подготвен и усвоен Годишен извештај за реализација на планот на ниво на единица | 28 | 140 |
| 8. | Процент на реализација на Годишен акциски план на Универзитет/единицата | 40% | 80% |
| 9. | Процент на прифатени Годишни акциски планови на единиците без забелешки | 10% | 60% |

| Бр. | Индикатор | Година 1 | Година 5 |
|---|---|---|---|
| 10. | Донесен Деловник за работа на Советот на квалитет на УКИМ | 1 | / |
| 11. | Усвоен Годишен извештај на Центарот за квалитет | 1 | 5 |

## 2. Унапредување на човечките ресурси за квалитет на Универзитетот

Во остварувањето на високото ниво на признаен квалитет, Универзитетот се потпира на вештините, внатрешната мотивација и постојаната посветеност на наставниците и вработените кои предаваат, истражуваат, учат и обезбедуваат услуги. Поттикнувањето на индивидуалната и колективната потрага по извонредност создава култура на квалитет. Културата на квалитет подразбира и редовно размислување и анализа на секој поединец опфатен со системот за квалитет и систематска размена на резултати, ставови и критика со различни засегнати страни на сите нивоа на универзитетот и заедницата.

Универзитетот е свесен дека не постои позначајно искуство во однос на функционирањето на системот на квалитет како на ниво на институција така и на ниво на поединци. Затоа, Универзитетот и единиците и неговите раководства се силно посветени на засилување на капацитетите, вештини и знаењето на наставниците, соработниците и останатите вработени преку следниве конкретни мерки:

- ✓ Организирање на обуки за управата на Универзитетот и единиците за новиот систем за квалитет;
- ✓ Редовно стратешко планирање на Центарот за квалитет и Советот за квалитет на УКИМ;
- ✓ Организирање на обуки за членовите на совети за квалитет на единиците вклучувајќи подготовка на Годишен план и Годишен извештај,
- ✓ Организирање на работилници за развој на квалитетот во наставата и подобрување на видливоста на научноистражувачката дејност на УКИМ.

Остварување на претходно наведените мерки ќе се следи преку следниве индикатори:

| Бр. | Индикатор | Година 1 | Година 5 |
|---|---|---|---|
| 1. | Спроведена обука за управата на Универзитетот и единиците за новиот систем на квалитет вклучувајќи подготовка на Годишен план и Годишен извештај | 1 | 5 |
| 2. | Број на учесници на обуки за управата на Универзитетот и единиците | 30 | 150 |
| 3. | Спроведено стратешко планирање на Центарот за квалитет и Советот за квалитет на УКИМ | 1 | 5 |
| 4. | Број на учесници на стратешкото планирање | 10 | 50 |
| 5. | Спроведена обука за членови на совети за квалитет на единиците | 4 | 20 |
| 6. | Број на учесници на обуки за членови на совети за квалитет на единиците вклучувајќи | 80 | 400 |

| Бр. | Индикатор | Година 1 | Година 5 |
|---|---|---|---|
| | подготовка на Годишен план и Годишен извештај | | |
| 7. | Одржување на онлајн работилница за подобрување на квалитет во наставата и подобрување на видливоста на научноистражувачката дејност на УКИМ | 2 | 10 |
| 8. | Број на учесници на онлајн работилници | 80 | 400 |

## 3. Промоција на соработка и иновации за квалитет

Соработката и координацијата со сите засегнати страни е основен предуслов за создавање на квалитет на Универзитетот. Таа му овозможува на Универзитетот да се земат предвид сите релевантни гледишта и ставови што му помага да обезбеди дека неговите цели и општествена улога се од општ интерес. Оваа соработка, дијалог и размена во функција на квалитетот повлекува низа на повеќенасочни процеси на сите нивоа на УКИМ (наставен и ненаставен кадар, катедри, институти, факултети, стручно-административна служба, универзитетски комисии, ректорска управа и универзитетски Сенат). Овој пристап претставува клучен предуслов за постојано подобрување и развој.

За да го унапреди квалитетот, УКИМ е посветен на создавањето и одржувањето успешни партнерства со други високообразовни установи и институции од бизнисот и индустријата, непрофитниот сектор и јавниот сектор. Во тој контекст, Универзитетот континуирано ја унапредува соработката со стопанството, деловната заедница и стопанските комори во земјава во насока на зголемувањето на конкурентноста на економијата, подобрување на научно-апликативната дејност, зголемување на развојот на иновациите и технолошкиот трансфер како и заедничкото учество во домашни и меѓународни проекти. Во унапредувањето на квалитетот, Универзитетот е особено насочен кон областите на циркуларната економија, заштитата на правата од индустриската и интелектуалната сопственост, дигитализацијата, дуалното образование, претприемништвото, практиканството и  имплементацијата на нови стандарди и технологии.

Универзитетот посветува и посебно внимание на меѓународната соработка поврзана со развојот и унапредувањето на системот за квалитет. Тој е отворен за соработка со сите релевантни институции и установи во странство и ги применува соодветните искуства, најдобри практики, иновации и научени лекции во образовната, научноистражувачка, уметничка и применувачка, односно апликативна дејност.

Универзитетот и единиците задолжително постапуваат по препораките за подобрување од надворешната евалуација.

Промоцијата на соработка и иновации за квалитет ќе биде остварена преку следниве мерки:

- ✓ Одржување на Годишен форум на УКИМ за квалитет во високото образование (со сите засегнати страни);
- ✓ Унапредување на соработката со стопанството, деловната заедница и комори со цел унапредување на квалитетот на Универзитетот;
- ✓ Воспоставување на единствен централизиран систем за спроведување анкети на Универзитетот, согласно Правилникот за обезбедување квалитет;

- ✓ Поттикнување и поддршка за спроведување меѓународни активности во областа на квалитетот во високо образование и
- ✓ Развој и ревидирање на соодветни обрасци за поедноставување на подготовката на Извештајот од самоевалуација на Универзитетот и единиците;

**Иновации**

| Бр. | Индикатор | Година 1 | Година 5 |
|---|---|---|---|
| 1. | Одржан Годишен форум на УКИМ за квалитет во високото образование (со сите засегнати страни) | 1 | 5 |
| 2. | Број на учесници на форумот | 80 | 400 |
| 3. | Број на установи, институции и деловни субјекти застапени на форумот | 40 | 200 |
| 4. | Воспоставен централизиран систем за спроведување на анкета на ниво на УКИМ | 1 | / |
| 5. | Подобрена просечна оцена за квалитетот на настава на УКИМ | 0,05% | 0,2% |
| 6. | Спроведени меѓународни активности (мобилност, учество во проект и др. активности) во областа на квалитетот во високо образование | 2 | 10 |
| 7. | Усвоени обрасци за анкета | 1 | / |
| 8. | Усвоени обрасци за придружна документација | 1 | / |
| 9. | Ревидирани обрасци за анкета | / | 1 |
| 10. | Ревидирани обрасци за придружна документација | / | 1 |

## 4. Зајакнување на општествената посветеност, достапност и видливост на квалитетот на Универзитетот

УКИМ е отворен универзитет и тој активно комуницира со јавноста и општеството. Универзитетот се стреми да ги направи резултатите од образовната, научноистражувачка, уметничка и применувачка, односно апликативна дејност достапни за поширокта јавност.

Тој се стреми кон обезбедување транспарентност и континуирано информирање и образување на студентите, наставниот и ненаставниот кадар и сите заинтересирани страни за важноста и потребата од континуиран развој и одржување на квалитетот. За активностите, мерките и резултатите во обезбедување на квалитетот Универзитетот редовно ја информира поширокта јавност.

Зајакнувањето на општествената посветеност, достапност и видливост на квалитетот на Универзитетот ќе се оствари преку следниве мерки:

- ✓ организирање на брифинзи со новинарите за квалитетот на Универзитетот односно високото образование;
- ✓ користење на алатки за промоција на квалитетот прилагодени на потребите на различни возрасни групи (традиционални и дигитални алатки, социјални медиуми итн.);

- ✓ подобрување на односите со јавноста и редовните промотивни активности преку постојано собирање повратни информации;
- ✓ Поттикнување подобра видливост на Универзитетот во домашната и меѓународната академска заедница;

| Бр. | Индикатор | Година 1 | Година 5 |
|---|---|---|---|
| 1. | Годишен брифинг со новинари за обезбедување на квалитет на УКИМ | 1 | 5 |
| 2. | Број на објавени вести за квалитет на УКИМ | 15 | 75 |
| 3. | Број на објавени инфографици (на социјалните медиуми) со информации поврзани со квалитетот | 10 | 50 |
| 4. | Број на интеракции на социјалните медиуми поврзани со квалитетот | 30000 | 150000 |
| 5. | Број на реализирани ТВ/радио емисии /интервјуа/објави на дигитални медиуми поврзани со квалитет | 3 | 15 |

**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**